Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 14.03.2022

На 13.03.2022 во 13.00 часот на автопат А1 кај клучка Миравци, од страна на полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Богородица, лишен е од слобода Р.А.(22) од Скопје. При контрола на патничко возило „фолксваген венто", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.З.(23) од Скопје, а во кое како сопатник бил Р.А., било констатирано дека се бара во врска со сторено кривично дело „криумчарење на мигранти", казниво по чл.418-б од Кривичниот законик. Имено, за него постои основано сомневање дека превезувал 15 лица мигранти од Сомалија, Пакистан Египет и Алжир, меѓу кои тројца малолетници, кои во 06.00 часот биле пронајдени од страна на полициски службеници во близина на с.Давидово, во возило „порше каен", со прилепски регистарски ознаки. По насоки на Јавен обвинител, лицата мигранти се спроведени во Транзитен центар Винојуг Гевгелија, а Р.А. е приведен и во ОВР Гевгелија и по документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 13.03.2022 полициски службеници од Полициската станица од Велес го лишиле од слобода А.С.(29) од Гостивар, со престој во Велес. Тој се барал по распишана централна потерница од ОВР Гостивар, на барање на Основен суд Гостивар за издржување на казна затвор. Лицето е приведено во полициска станица и ќе биде спроведено во Казнено-поправната установа Затвор – Тетово за издржување на казната.

На 13.03.2022 од страна на Единицата за внатрешни работи - Одделение за криминалистички работи Ѓорче Петров и Полициското одделение Сарај биле лишени од слобода Ј.И.(20) и Ф.И.(23), двајцата од с.Глумово, скопско. Во 14.10 часот тие биле затекнати при извршување на две кривични дела тешки кражби од градежни машини, сопственост на две правни лица кои изведуваат градежни работи во атарот на с.Горна Матка. Тие биле приведени и со нив бил извршен службен разговор, а украденото е одземено од нив и ќе биде вратено на оштетените. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветна кривична пријава.

На 13.03.2022 околу 13.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, на ул.„Панче Поповски" во Гостивар, го лишиле од слобода С.П.(29) од кичевското село Осој, поради сомнение дека пред тоа во Гостивар измамил двајца гостиварци и од нив зел пари за наводна услуга, доведувајќи ги во заблуда со пласирање на идентична лажна приказна. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 13.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 77 возачи, од кои 37 санкции се изречени на територија на Ресен, 19 на територија на Битола, 11 санкции на територијата на Прилеп, 7 во Крушево и 3 санкции во Демир Хисар.

На 13.03.2022 во 13.19 часот било пријавено дека на крстосницата од ул.„Добривое Радосављевиќ" и ул.„Рузвелтова" во Битола патничко возило „форд галакси", со битолски регистарски ознаки, управувано од Н.Г.(48) од Битола удрило во М.К.(78) од Битола. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница во Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 13.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 58 прекршоци, од кои 30 во населено место и 28 надвор од населено место. Санкционирани биле и 32 други видови на прекршоци, од кои 17 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 6 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигуросен појас и 3 за непрописно паркирање.

На 13.03.2022 околу 01.00 часот во угостителски објект во Неготино, по извршената контрола од полициски службеници на ОВР Неготино, бил приведен малолетник, кој покажал вакцинален сертификат од друго лице. По документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 14.03.2022 во СВР Велес е пријавено дека од детска градинка на ул.„Коле Цветков", од магацинскиот простор, биле украдени поголема количини различни производи. Полициски службеници извршиле увид на лице место и се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2022 во 20.35 часот на подрачјето на Бит Пазар од полициски службеници од Единицата за внатрешни работи - Одделение за криминалистички работи Центар и Бит Пазар лишен е од слобода О.М.(25) од Скопје. Тој бил затекнат при извршување на кривични дела „тешка кражба". Имено, со употреба на сила и подесен алат, тој од подрумски простории од зграда одзел разновидни предмети, стекнувајќи се со противправна имотна корист од 58.500 денари. Пријавениот бил задржан во полициска станица и со него бил извршен службен разговор, а украдените предмети се вратени на оштетените. По целосното документирање на случајот ќе следи кривична пријава за извршени 7 кривични дела „тешка кражба".

Во текот на изминатиот викенд СВР Куманово продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на Куманово изречени се вкупно 131 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 68 санкции, 25 санкции за возење под дејство на алкохол, 6 мерки за возење без возачка дозвола.

На 13.03.2022 во 23.30 часот било пријавено дека на локалниот пат Куманово - с.Сопот, кај с.Долно Коњаре, кумановско, патничко возило удрило во полициски службеник кој вршел службени дејства, не застанувајќи на даден знак за запирање, откако претходно удрило во паркирано патничко возило „цитроен", со кумановски регистарски ознаки, сопственост на Н.Л. од с.Долно Коњаре. Полицискиот службеник се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Куманово. Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.Ц.(47) од струшкото село Лабуништа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес во неговиот дом, извршен на 31.12.2021 година, полициските службеници пронајдоа и одзедоа 4.400 пиротехнички средства кои, нелегално ги поседувал, а биле наменети за натамошна продажба.

На 13.03.2022 полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.Р.(66) од Велес, поради основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста при семејно насилство". Во семејната куќа во Велес, С.Р., по кратка вербална расправија, со остар предмет му се заканил на својот 37-годишен внук од Велес. С.Р. е приведен во полициската станица во Велес и по целосно документирање на настанот ќе следи соодветна пријава.

На 13.03.2022 околу 22.45 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на Аеродром, А.А.(30) од Скопје, по претходно недоразбирање, физички го нападнал М.П.(22) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 13.03.2022 околу 09.50 часот во Полициска станица Ѓорче Петров е пријавено дека во двор од семејна куќа на подрачјето на Ѓорче Петров, поради нерасчистени имотно-правни односи бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.С.(61), Е.С.(36) и С.Ф.(37), од една страна и Н.С.(51) и Е.С.(19), од друга страна, сите од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 4 и член 12 од ЗППЈРМ.

На 13.03.2022 година, при спроведени засилени сообраќајни контроли во патниот сообраќај, полициските службеници во Охрид санкционираа 18 возачи кои возеле моторно возило со брзина поголема од дозволената (07-надвор од населено место, 11-во населено место). Во Кичево, кај двајца возачи било констатирано дека управувале моторно возило под дејство на алкохол. Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 13.03.2022 во Полициска станица Центар А.Л.(50) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот на игралиште на подрачјето на Центар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.03.2022 во 11.05 часот во Полициска станица Центар било пријавено дека во Скопје, на кружниот тек во населба Дебар Маало, настанал пожар при што опожарени се три контејнери, а делумно било оштетено патничко возило „мазда", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Н.М.(48) од Скопје, кое било паркирано во близина на контејнерите. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.03.2022 во 00.20 во Полициска станица Кисела Вода М.Т.(44) од Скопје пријавил дека на 13.03.2022 околу 20.30 часот пред зграда на подрачјето на Кисела Вода, неговите две малолетни деца биле физички нападнати од Б.Т.(40) од Скопје, родител на нивен другар кој на 13.03.2022 пријавил дека околу 22.45 часот, пред неговиот дом на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, бил физички нападнат од М.Т.. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет